**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Единаесета седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 19.09.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на единаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Биљана Бабиќ, Лазо Трпков, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Миле Грозданоски, Владимир Палашевски и Маја Седрак.*

Други присутни на седницата: *Захарија Вулгаракис, Директор на Македонска телевизија и Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација.*

Единаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:18 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Единаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 10-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на Предлог – годишната програма за работа на МРТ за 2026 година.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 10-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Десетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување на Предлог-годишната програмата за работа на МРТ за 2026 година.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја отвори 11-та седница на Програмскиот совет на МРТ со најава за разгледување на **Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2026 година** и истакна дека како јавен сервис, МРТ има обврска да обезбеди квалитетни телевизиски и радио програми кои ќе информираат, ќе образуваат и ќе ја афирмираат културната и општествената разновидност.

Тој нагласи дека разгледувањето и потоа усвојувањето на програмата не е само формално исполнување на законска обврска, туку и потврда за посветеност на транспарентност, отчетност и долгорочна визија за развој на јавниот сервис.

Исто така, рече дека е позитивно тоа што се најавува пристап на подолгорочно планирање на содржини кои во минатото покажале добар одзив кај публиката, особено оние кои го промовираат медиумскиот плурализам - отворен за сите гласови и различни мислења – во служба на целото општество. Воедно, истакна дека е особено важно што се најавува збогатување на понудата со атрактивни наслови од домашни и светски продукции и дека искрено се надева дека овие најави ќе донесат уште поразновидни и попопуларни содржини кои ќе го зајакнат квалитетот на програмата.

Дополнително, тој продолжи со констатацијата дека е неопходно да се обезбеди предвидлива програмска шема, со почитување на фиксни термини за прикажување на содржините, секако со исклучок при пренос или информирање за настани од особена јавна важност.

Го поздрави и акцентот на зголемување на сопствената продукција, особено во делот на детски, образовни и културни содржини и дека се надева дека планираните проекти навистина ќе се реализираат.

Претседателот на Програмскито совет Давор Пашоски го истакна значењето на најавата за проектот „Буквождер“ – современо продолжение на „Бушава азбука“, проект што претставува важна детска програма која ќе ја збогати програмата на јавниот сервис и ќе обезбеди едукативна, креативна и забавна содржина за најмладата публика и со овој проект МРТ покажува дека вложува во иднината на своите гледачи и во градењето генерации што ќе растат со квалитетни, домашно произведени содржини.

Дополнително рече дека е важна заложбата за продлабочување на соработката со културните институции како што се операта, филхармонијата, театрите, фестивалите, што е од особено значење за промоцијата на македонската култура и зачувување на културното наследство.

Тој истакна дека во програмата е нагласена и потребата од зајакнување на дописничката мрежа низ државата што е исклучително важно за да се обезбеди порелевантно, побрзо и пообјективно информирање на граѓаните, не само од Скопје и поголемите градови, туку и од

сите региони и со чиј развој МРТ ја потврдува својата улога како вистински јавен сервис кој информира за теми значајни за сите граѓани.

Тој нагласи дека во делот на технологиите, МРТ најавува засилена примена на мобилно новинарство, преноси во живо од терен, интеграција со дигитални платформи и социјални мрежи, како и продолжување на користење на виртуелната реалност. Истовремено, како позитивно го оцени предвидувањето на збогатување на овие формати со интерактивност и персонализација, како и примена на вештачка интелигенција за анализа на интересите на публиката, препораки на содржини и подобрена модерација во повеќе сегменти. Дополнително, тој истакна дека програмата акцентира на развој на ОТТ платформи за стриминг во живо и на барање, како и на надградба на интернет страницата, што заедно со мобилните апликации и подкастите ќе придонесе за поголема достапност.

Тој констатираше дека ова претставува сериозен чекор во модернизација на јавниот сервис, кој е особено важен и за привлекување на младата публика – генерациите кои медиумите најчесто ги следат преку дигитални и мобилни платформи и дека затоа оваа насока треба да се поддржи и да се даде поттик за вложување на максимални капацитети во нејзината реализација, на транспарентен начин и со рационално користење на средствата за инвестиции.

Воедно истакна и дека според Финансискиот план за 2026 година, вкупните приходи се планирани на околу 1,610 милијарди денари, од кои најголемиот дел – 1,423 милијарди денари – се обезбедуваат од државниот буџет согласно член 105 од Законот за АВМУ. Планираните расходи се усогласени со приходите, што значи дека нема да има ризик од дефицит.

Продолжи дека во делот на инвестициите, предвидени се средства од околу 120 милиони денари (приближно 1,95 милиони евра) за техничко-технолошки развој и дигитализација, вклучително и за зајакнување на дописничката мрежа. Во таа смисла тој смета дека е повеќе од значајна оваа информација за деталите околу инвестиции и нивната динамика на реализација.

Тој ја поцентираше важноста на тоа да се нагласи дека, согласно Законот, надзорот над материјално-финансиското работење на МРТ го врши Надзорниот одбор, кој, меѓу другото, дава и согласност на Предлог-финансискиот план за наредната година, врз основа на Предлог-програмата за работа на МРТ.

Тој ја потенцираше важноста на тоа дека изборот на членови на Надзорниот одбор, согласно донесена одлука на Советот, е одложен до завршување на локалните избори, па затоа, веднаш по изборот на нов Надзорен одбор ова прашање ќе треба приоритетно да се стави на дневен ред. Тој уште еднаш потсети дека Програмскиот совет веќе има упатено официјално барање до Претседателот на Собранието, во кое е укажано дека мандатот на претходниот Надзорен одбор завршил уште во март оваа година, а нов сѐ уште не е избран поради изборните процеси. Понатаму, со дописот Претседателот на Собранието е

информиран дека, согласно законските рокови, Годишната програма за работа за 2026 година ќе биде доставена до Собранието без мислење од Надзорниот одбор и дека мислењето на Надзорниот одбор ќе биде доставено веднаш по завршување на изборниот процес и изборот на нов Надзорен одбор.

Затоа во дописот е посочено дека е неопходно Собранието да даде свое мислење или насока за понатамошно постапување во оваа специфична ситуација, со цел да се обезбеди законитост, институционален континуитет и непречено материјално-финансиско работење на јавниот сервис.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски информираше дека на 18.09.2025, Претседателот на Програмскиот совет и Директорот на МРТ биле поканети на средба со Претседателот на Собранието, кој ги известил дека Собранието ќе го разгледа барањето доставено од Програмскиот совет на МРТ.

Тој продолжи дека следствено на горенаведеното позитивно е тоа што се остава простор за враќање на Македонија на Евровизија 2026 и дека тоа би претставувало силна меѓународна промоција на нашата култура и држава преку музика, но дека по ова прашање повеќе од потребно е да се направи детална проценка пред донесување конечна одлука.

Тој истакна дека МРТ ќе учествува во новата регионална копродукција „EU Snapshot – Stories of Enlargement“, финансирана од Европската комисија преку ЕРНО и ЕБУ и дека МРТ ќе добие грант од 7.500 евра за изработка на пет кратки ТВ приказни и ќе има пристап до околу 50 приказни подготвени од јавни сервиси од земји кандидати и членки на ЕУ. Тој ја истакна големата можност за збогатување на програмска понуда на МРТ со значајни теми поврзани со процесот на проширување на Унијата и зајакнување на меѓународната видливост на МРТ, која не е дел од предлог Предлог-годишната програма од единствена причина што приклучувањето на МРТ во овој проект се реализирал по нејзината подготовка.

Исто така, тој рече дека МРТ треба да развива програми кои ќе ја стават во фокус темата за животната средина, како едно од прашањата што граѓаните сè почесто го препознаваат како приоритет и таквите активности и програмски содржини треба да придонесат за зголемување на свеста кај јавноста, но и да поттикнат институциите да дадат уште поголемо внимание и да вложат повеќе капацитети во комуницирањето и решавањето на ова важно прашање.

Тој продолжи дека во таа насока МРТ треба да продуцира документарни серии, тематски дебати, детски и едукативни програми, како и јавни кампањи, кои ќе ја нагласат важноста на селекцијата на отпадот, заштитата на природата, одржливиот развој и климатските промени. Со тоа јавниот сервис ќе придонесе и за поголема општествена одговорност и ќе ја потврди својата улога како медиум кој работи во интерес на идните генерации.

Во контекст на Предлог-програмата, тој ја поддржа и потребата да се обноват традиционалните културни проекти како Скопскиот фестивал и Цветници, кои се значајни не

само за музичко-уметничката сцена туку и за зачувување на културниот идентитет и богатата музичка традиција.

Исто така, рече дека е важно да се продолжи со содржини посветени на медиумската писменост, кои ќе им помогнат на граѓаните – особено на младите – критички да ги анализираат медиумските содржини и да развијат свесност за одговорно користење на медиумите.

На крајот, истакна дека ова е прва седница на која се започнува постапката за усвојување на Годишната програма за работа на МРТ за 2026 година и наведе дека ќе им даде простор на сите членови на Програмскиот совет да ги изнесат своите согледувања и сугестии, но истовремено предложи нов пристап со цел суштински сите предлози да бидат земени предвид за време на јавната расправа.

Нагласи дека секој член на Советот ќе има можност во писмена форма да ги достави своите забелешки и сугестии, кои потоа ќе бидат проследени до одговорните уредници. По завршувањето на јавната расправа, ќе се одржи седница на која уредниците ќе ги презентираат своите делови од програмата и ќе дадат информација како и во кои сегменти програмата е надградена врз основа на укажувањата и од јавноста и од членовите на Советот.

**Со овој пристап Програмскиот совет испраќа порака дека процесот нема да се сведе на една седница, туку ќе се води транспарентно, со континуиран дијалог и со почитување на предлозите. Тој изрази верување дека ова е најдобриот начин суштински да се пренесат ставовите и да се обезбеди кредибилно усвојување на програмата.**

Во продолжение, Претседателот на Програмскиот совет и даде збор на Ивана Ефремовски да ги презентира иницијативите кои пристигнале во однос на учеството на Македонија на Евросонг.

Ивана Ефремовски информираше дека изминатите неколку денови Програмскиот совет на МРТ добил огромен број пораки, со барања Македонија да се врати како учесник на Евровизија.

Гледачите дале и предлози за претставник на Евровизија.

Најголем дел доставиле и своја петиција за поддршка на Боби Андонов да ја претставува Македонија. Други дале предлози тоа повторно да биде Тамара Тодевска, како учесник кој постигнал најголем успех. Потоа имало предлози и за Каролина Гочева, Антонија Гиговска итн. Таа истакна и дека македонци од Македонија, но и од дијаспората ширум светот, како и државјани на повеќе земји учеснички на Евровизија, поднеле барање до Програмскиот совет на МРТ за поддршка на идејата Македонија повторно да биде учесник на ова музичко натпреварување.

Таа рече дека и од ОГАЕ Македонија (Официјален фан-клуб за Евровизија), наведуваат дека кога една земја учествува, добива огромна глобална платформа, за да ја покаже својата култура, музика и уметнички талент пред публика од над 180 милиони луѓе. Тоа би било

начин да се стави македонската нација на мапата. Исто така од ОГАЕ посочиле дека се работи за културна размена и негување на чувство на европски идентитет, како и за економски и туристички поттик.

Воедно Македонската заедница во Австралија порачала дека “враќањето на Македонија на Евровизија е приоритет од јавен интерес. Тоа носи глобална видливост и позитивен имиџ, ја зајакнува врската и идентитетот на младите во дијаспората, ја промовира нашата уметност и музичка индустрија и ја обединува нацијата околу настан со висока гледаност”.

Исто така, добиени се пораки и од Англија, Украина, Шпанија, Австралија, преку кои истакнале дека преку Евровизија откриле многу за Македонија, за културата, музичарите, уметничкото богатство и слично.

Граѓаните кои го контактирале Програмскиот совет кажале дека Македонија има богата музичка традиција и талентирани артисти кои можат гордо да ја претставуваат Македонија на меѓународната сцена.

По излагањето на Ивана Ефремовски збор побара Музбајдин Ќамиљи, кој истакна дека учеството на Евровизија треба да продолжи и дека за тоа не треба да се чека иницијатива или известување од друга држава.

Потоа збор побара Баким Лачи, кој упати прашање до Директорот на Македонската телевизија Захарија Вулгаракис за причините поради кои Македонија не учествува на Евровизија.

Директорот Вулгаракис одговори дека финансиската ситуација во изминатите години не дозволувала Македонија да учествува, при што секое претходно учество предизвикувало финансиски и организациски проблеми за МРТ. Тој извести дека Евровизија се емитува на МРТ, но без македонски претставник при што потсети на успехот на Тамара Тодевска и високиот пласман на нејзината изведба на Избор за песна на Евровизија.

Миле Гроздановски нагласи дека настапот на Евровизија е значаен за имиџот на Македонија, но дека организациски и финансиски се работи за сериозен потфат. Тој посочи дека подготовките мора да почнат навреме и дека веќе се доцни за пријавување, но дека Македонија нема инфраструктура за да издржи еден таков настан. Тој потенцираше дека при организација на настани од масовен карактер во изминатиот период, во Македонија немало капацитети за сместување на учесниците на настанот и тоа предизвикало секакви реакции по медиумите. Потоа тој ги кажа тајминзите за пријавување и учество на Изборот, како потребните организациски подготовки, но и констатираше дека сето тоа чини многу пари. Исто така, информираше дека Европската радиодифузна унија го одбила САД за откуп на телевизиските права за Избор за песна на Евровизија.

Томислав Кежаровски истакна дека никој нема ништо против настапот на Македонија на Евровизија.

Лазо Трпков се изјасни против, поради високите трошоци.

Баким Лачи се изјасни против настапување во овој период, поради актуелни европски дебати околу учеството на Израел.

Захарија Вулгаракис, Директор на МТВ констатираше дека доколку повторно се аплицира за учество на Евровизија, неопходно е да се направи добра стратегија за учество во 2027 година со квалитетен производ, а засега би било добро да се вложува во домашните фестивали како Цветници и Скопски фестивал со цел развивање на домашните пејачи, автори, публиката, па потоа да се оди „нагоре„. Исто така, тој потенцираше дека Македонската радио телевизија е единствениот медиум што емитува домашни музички спотови.

Томислав Кежаровски запраша дали до сега се јавил автор кој бесплатно би напишал песна за таа намена, земајќи го предвид тоа дека со самото учество би се промовирал во Европа и пошироко, на што Захарија Вулгаракис одговори дека такво нешто до сега не се случило, но дека за добра песна вреди и да се плати.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски се согласи дека потребна е стратегија и подготовка за евентуално учество во 2027 година.
Претседателот Пашоски даде збор на членовите да се изјаснат по Предлог-Годишната програма.

Патриот Лумани забележа дека во програмата не е прецизирано кои емисии се копродукциски, а кои домашни и праша за износите за копродукции.
Директорот Вулгаракис одговори дека постои јавен конкурс за набавка на програмски содржини кој се спроведува во текот на годината за која се однесува Предлог-годишната програма за работа на МРТ, па затоа не може однапред да се прејудицира кои емисии ќе влезат во селекција за избор.

Музбајдин Ќамиљи нагласи дека треба да се знае од кои продукции ќе се купува програма, со цел да се инвестира во квалитет, а не квантитет.
Претседателот Пашоски информира дека пред усвојувањето на Годишната програма ќе има седница со одговорните уредници кои ќе дадат подетални информации.

Марјан Велевски посочи дека во Предлог-програмата се наведени 250.000 евра за копродукции, но без точна распределба на средствата на кои проекти ќе се доделуваат, дека документот е со технички грешки и дека некои емисии се повторуваат. Директорот Вулгаракис одговори дека Пријавите по Јавен конкурс допрва ќе се доставуваат, а содржини кои не ги исполнуваат стандардите и начелата на МРТ нема да се земат предвид.

Баким Лачи забележа дека нема образовна детска емисија на албански јазик. Директорот Вулгаракис одговори дека секој предлог што ќе пристигне на конкурсот, ќе биде разгледан.

Марјан Велевски праша зошто МРТ3 купува биатлон. Директорот Вулгаракис објасни дека правата за емитување за ваквите спортови се евтини и се користат за пополнување програма. Горан Атанасов, Директорот на Заеднички функции и администрација дополни дека при откуп на спортски права, овие права ги откупуваме како дел од спортски пакет.

Марјан Велевски праша дали технички ќе може да се покријат сите најавени настани. Директорот Вулгаракис одговори дека МРТ има технички ресурси за покривање на сите настани.

Томислав Кежаровски праша која програма е сопствена а која копродукција, зошто некои од емисиите што се емитуваат немаат одјавна шпица и истакна потреба од назначување одговорни уредници. Миле Грозданоски се надоврза со тоа дека одјавните шпици се прават согласно правилник и додаде дека треба синопсис за секоја програма. Лазо Трпков истакна дека треба што поскоро да се именуваат одговорни уредници. Директорот Вулгаракис објасни дека тоа зависи од согласност од Министерството за финансии, кое МРТ го нема добиено веќе две години.

Маја Седрак истакна дека програмата делува како шаблон и предложи подобро тематско разграничување од жанровски аспект, да се прецизира за каква емисија од културата станува збор, дали детска-културна програма, забавно-културна програма, музичка-културна програма и сл.

Баким Лачи праша дали постои конкуренција меѓу продукциите и копродукциите за да не повторуваат истите шаблони и водители. Директорот Вулгаракис одговори дека техничките услови се подобрени, но кадарот е во опаѓање.

Билјана Бабиќ предложи техничко преуредување на Предлог-годишата програма, една од политичките емисии ја истакна како визуелно привлечна, додека за другите кажа дека е потребно подобрување на изгледот и модернизирање на МТВ5 во насока на емитување нови квалитетни и интерактивни емисии, како и на бојата на детскиот канал, за да биде привлечен за децата. Директорот Вулгаракис се согласи и искажа потреба од креирање натпревари и иновативни формати за млади, кои на ОТТ платформата би имале голема гледаност.

Ивана Ефремовски предложи детска програма за промовирање на семејни и општествени вредности, како и за празниците, односно за темите кои ги нема во училишните учебници, а кои МРТ има моќ да ги пренесе.

Владимир Палашевски забележа дека на МТВ2 има подобри анимирани серии. Директорот Вулгаракис одговори дека истите серии ќе бидат емитувани и на МТВ1 и МТВ5.

По сето горенаведено Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, од изнесеното, заклучи дека Предлог-Годишната програма на МРТ за 2026 година треба технички да се доуреди и да се даде подетална информација во поглед на содржината на истата. Конкретно да се наведе кои содржини ќе се емитуваат на програмите на МРТ, а воедно и секој член на Советот да ги достави своите забелешки во писмена форма, а истите ќе бидат проследени до одговорните уредници кои на јавна седница ќе ги презентираат своите делови од програмата и ќе дадат информација, како и во кои сегменти програмата е надградена врз основа на укажувањата од јавноста и од членовите на Советот.
Следствено на тоа, тој нагласи дека Предлог-програмата за 2026 година ќе биде објавена на веб страната на МРТ на **јавна расправа во траење од 30 дена,** при што овој процес ќе овозможи да се соберат мислења и предлози од јавноста.

На крај на седницата Маја Седрак даде предлог сите членови на Програмскиот совет на МРТ да потпишат Изјава за доверливост согласно законските одредби, а сето тоа поради што се навлегува во чувствителен период каде се водат разговори за битни и чувствителни теми за развојот на Македонската радио телевизија, па со тоа би се спречило информации кои се од доверлив карактер да излегуваат надвор од просториите каде се одржуваат овие седници.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 29.09.2025 година во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Единаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 13:25 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5698/2
19.09.2025г.

__________________________

Давор Пашоски